Република Македонија
**Јавно претпријатие за државни патишта**

**Република Македонија Јавно претпријатие за државни патишта**

**ЕМБС:** 6839673
ул.Даме Груев бр.14
1000 Скопје,
Република Македонија

**Тел.** (02) 3-228-454
(02) 3-118-044
**Факс:** (02) 3-220-535

Бр. ___________________

Дата: ______________

Скопје

Врз основа на член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија " бр.167/15 – пречистен текст и 27/16) и член 22 од Законот за вработени во јавен сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14 и 27/16) Јавното претпријатие за државни патишта, со седиште на ул.„Даме Груев" број 14, во Скопје, објавува

ЈАВЕН ОГЛАС
за вработување на работник на определено време до 31.12.2018 година во Јавното претпријатие за државни патишта за следното работно место

1. **Советник за односи со јавност,** во Одделение за организирање и поддршка на работата на Директорот – 1 **(еден) извршител**, со исполнување на следните посебни услови:

- Најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, политичките науки или наука за книжевноста
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- Активно познавање на комјутерски програми за канцелариско работење
- Работно искуство – најмалку три години работно искуство во струката
- Работното време е распоредено во една смена и трае 8 часа дневно
- Дневното работно време од 08,00/8.30 часот до 16.00/16.30 часот
- Работа во работни денови – од понеделник до петок
- Неделното работно време изнесува 40 часа
- Основната плата изнесува 33.540,00 денари

Покрај гореневедените посебни услови, предвидени со Правилникот за систематизација на работни места во Јавното претпријатие за државни патишта бр. 02-11513/1 од 29.11.2017 година, заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и општите услови за вработување на работници согласно Законот за работните односи.

Кон пријавата заинтересираните кандидати треба да достават:

- Доказ дека не им е изречена забрана на вршење професија, дејност или должност;
- Уверение / диплома за завршен степен на образование,
- Уверение за државјанство
- Потврда/Доказ за работно искуство
- Потврда/Доказ за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
- Потврда/Доказ за активно познавање на комјутерски програми за канцелариско работење

**Доказите за исполнување на условите треба да бидат во оригинална форма или копија заверена кај нотар.**

**Вработувањето ќе биде на определено време, до 31.12.2018 година.**

Рокот за пријавување на кандидатите е 5 (пет) работни дена, од денот на објавувањето на огласот во дневен печат. Ненавремените пријави нема да се разгледуваат.

Изборот на кандидатите ќе се изврши во рок од 45, 90 или 120 дена по истекот на рокот за пријавување, во зависност од бројот на пристигнатите пријави.

Лице за контакт Албана Бајрами.

Контакт телефон 02/3118- 044.

Заинтересираните кандидати можат да аплицираат за вработување со доставување на пријава за вработување со контакт податоци и документи/докази за исполнување на условите за вработување на адреса на Јавното претпријатие: ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА ул.„Даме Груев“ бр. 14 , 1000 Скопје или во писарницата на Јавното претпријатие за државни патишта, со назнака „за јавен оглас за пријавување на кандидати за вработување во Јавното претпријатие за државни патишта“.

Постапката за избор на кандидатите ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта. По завршување на постапката, за извршениот избор секој кандидат ќе биде писмено известен.

Јавно претпријатие за државни патишта